

*Четата на војводата Наќе Јанев - Лавчанчето*

Кичевскиот терен до крајот на 1902, и почетокот на 1903, имал голем недостиг на оружје и муниција. Затоа војводите настојувале да соберат колку што може повеќе средства од народот за купување оружје и муниција. Така, Крсте Алексов, војвода Наќе Јанев, Пејчин Томоски и многу други дале голем придонес во спасувањето на Македонија.



*Четата на кичевскиот војвода Пешо Паша*

За нив е испеана следната песна:

*Кичевјани, море, московјани,*
*дал видовте, море, кој помина,*
*кој помина, море, кој заминаа,*
*комитите, море, од Дебарско,*
*руси Наќе море, од Лавчани,*
*калеш Пејчин, аго море, од Галичник;*
*Рудо јагне, аго море, вечераа,*
*и пред зори, аго море, заминаа.*
*заминаа, аго море, за Сливово,*
*ќе креваат, аго море, востание,*
*востание, аго море, македонско.*